Република Северна Македонија
Министерство за финансии

МФРСМ.Ф.8.5/9-2



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

март, 2020 година

## СОДРЖИНА

Резиме ....................................................................................2

1. Реален сектор

Индустриско производство ....................................................................................3

Број на работници во индустријата ....................................................................................4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ....................................................................................5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ....................................................................................5

Инфлација ....................................................................................6

Берзански цени .................................................................................... 7

2. Надворешнотрговска размена

Извоз ....................................................................................8

Увоз ....................................................................................10

Салдо на трговска размена ....................................................................................10

Валутна структура .................................................................................... 11

3. Фискален сектор

Буџетски приходи според економската класификација ....................................................................................12

Приходи по буџетски корисници ....................................................................................13

Буџетски расходи според економската класификација ....................................................................................14

Расходи по буџетски корисници ....................................................................................16

Буџетско салдо.. ....................................................................................18

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенција за вработување ....................................................................................18

Плати ....................................................................................19

Пензии ....................................................................................19

5. Монетарен и финансиски сектор

Примарни пари ....................................................................................20

Депозитен потенцијал ....................................................................................21

Кредити на банките ....................................................................................22

Каматни стапки на депозитни банки ....................................................................................23

Пазар на капитал ....................................................................................23

Девизни резерви ....................................................................................23

# РЕЗИМЕ

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

март, 2020 година

- Индустриското производство во март 2020 година забележа пад од 13,4% во споредба со истиот месец претходната година;
- Потрошувачките цени во март 2020 година се зголемија за 0,5% во однос на март 2019 година, по растот од 0,7% во февруари 2020 година.
- Во периодот јануари - март 2020 година, извозот забележа пад од 8,2%, а увозот од 3,6%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 11,9%, споредено со истиот период од 2019 година;
- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - март 2020 година изнесуваа 46.485 милиони денари, односно 6,9% од БДП, што претставува поголемо остварување за 1,0% во однос на истиот период од 2019 година.
- Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – март 2020 година изнесуваа 53.894 милиони денари, односно 8,0% од БДП, што е за 9,4% повеќе во однос на првото тримесечје од 2019 година.
- Вкупните кредити на банките во март 2020 година се зголемија за 5,8% во споредба со март 2019 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 8,3%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Индустриското производство во март 2020 година забележа пад од 13,4% во споредба со истиот месец претходната година, што се должи на неповолните движења во индустриските гранки предизвикани од пандемијата на коронавирус. Имено, намаленото производство во автомобилската индустрија во Германија и ограничениот извоз на суровини од Кина значително ги погодија извозно ориентираните индустриски капацитети. Пад на производството има во сите сектори, и тоа: Преработувачка индустрија од 14,3% и негативен придонес од 10,9 п.п., Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 11,5% и негативен придонес од 1,4 п.п. и Рударство и вадење камен од 10,8% и негативен придонес од 1,2 п.п..

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Раст на производството во март 2020 година бележат 10 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 21,8% од вкупната индустрија, што укажува на тоа дека пад главно бележат гранките со позначително учество во структурата. Од гранките со повисока додадена вредност, раст во март 2020 година е забележан единствено кај производството на прехранбени производи од 1,2% и придонес од 0,1 п.п.. Меѓу гранките со позначително учество во структурата, пад на производството во март 2020 година е забележан кај производството на машини и уреди од 36,2% и придонес од -3,2 п.п., производството на моторни возила од 16.6% и придонес од -2,0 п.п., производството на електрична опрема од 30,7% и придонес од -1,4 п.п. и снабдувањето со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 11,5% и придонес од -1,4 п.п..

Во поглед на поделбата според наменски групи, пад на производството е забележан во сите гранки, а најизразит е кај капиталните производи од 20,1% и негативен придонес од 4,6 п.п..

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %, март 2020 година)*




Извор: ДЗС.

На кумулативна основа, во периодот јануари – март 2020 година е забележан пад од 3,7%, што се должи на намаленото производството во секторите Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 13,8% и придонес од -1,7 п.п., како и Преработувачка индустрија од 2,0% и придонес од -1,5 п.п.. Раст се јавува единствено во секторот Рударство и вадење камен од 1,2% и придонес од 0,1 п.п.. Од индустриските гранки, највисок придонес во растот има производството на производи од гума и пластични маси од 0,7 п.п. при раст од 31,6%.

**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %, март 2020 година)*




Извор: ДЗС.

Според намената на произведените единици, пад во првите три месеци од 2020 година бележат сите гранки, а највисок е кај групите Енергија од 10,9% и придонес од -1,7 п.п. и Капитални производи од 5,8% и придонес од -1,3 п.п..

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во март 2020 година е намален за 4,5%. Падот се должи на намалениот број работници во сите сектори, и тоа: Преработувачка индустрија од 4,8%, Рударство и вадење камен од 1,6% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,5%.

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Податоците за бројот на

работници во индустријата по наменски групи во март 2020 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има единствено кај групата Капитални производи од 0,3%.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во периодот јануари – март 2020 година бележи пад од 3,6%, што се должи на намалениот број работници во сите сектори, односно Преработувачка индустрија од 3,9%, Рударство и вадење камен од 1,2% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,5%.

Во однос на наменските групи, бројот на работници во индустријата во првите три месеци од 2020 година е зголемен единствено кај групата Капитални производи од 0,7%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во март 2020 година е понеповолна споредено со февруари 2020 година, како и во однос на март 2019 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во март изнесува 67,3%, што претставува пад во однос на претходниот месец, кога изнесувало 71,4%. На годишна основа, искористеноста на капацитетите е намалена за 1,7 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во март имаат следните фактори: недостигот на квалификувана работна сила со 19,5%, недоволната странска побарувачка со 18,5%, неизвесното економско окружување со 14,8%, недоволната домашна побарувачка со 11,3%, финансиските проблеми со 8,6% и недостигот на суровини со 8,1%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во март 2020 година во однос на претходниот месец е понеповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се исто така понеповолни во однос на февруари 2020 година, а залихите на готови производи на месечна основа се намалени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во март 2020 година издадени се вкупно 219 одобренија за градење и во однос на март 2019 година бројот на издадени одобренија за градење е намален за 20,9%. Споредено со претходниот месец,

**Графикон 1.5:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

бројот на издадени одобренија за градење опадна за 11,7%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во март 2020 година на годишна основа се намали за 11,2%, а во однос на февруари 2020 година за 10,5%.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 115 (или 52,5%) се наменети за објекти од високоградба, 41 (или 18,7%) за објекти од нискоградба и 63 (или 28,8%) за реконструкција на објекти.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 219 издадени одобренија за градба, на 109 објекти (или 49,8%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 110 објекти (или 50,2%) инвеститори се деловни субјекти.

**Графикон 1.6:** Структура на издадените одобренија за градење по региони *(март 2020)*




Извор: ДЗС.

Со издадените одобренија за градење во март 2020 година предвидена е изградба на 228 станови, со вкупна корисна површина од 24.572 м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба споредено со претходниот месец е намален за 32,1%, а во однос на истиот месец од 2019 година за 17,4%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во март 2020 година се зголемија за 0,5% во однос на март 2019 година, по растот од 0,7% во февруари 2020 година.

Во март 2020 година, цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, се зголемија за 0,6% на годишно ниво. Највисок годишен раст на цените во март 2020 година е забележан во категоријата Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 4,5% следен со порастот на цените во категориите: Разновидни стоки и услуги од 2,6%, Рекреација и култура од 1,6%, Ресторани и хотели од 1,3%, Здравствена заштита од 0,5%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од

**Графикон 1.7:** Инфлација според COICOP *(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

0,3% и Образование од 0,2%. Годишен пад на цените во март 2020 година е регистриран во категориите: Транспорт од 1,7%, Облека и обувки од 0,8%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 0,5% и Комуникации од 0,3%.

Потрошувачките цени во март 2020 година се зголемија за 0,2% во однос на претходниот месец. Најголем пораст на цените на месечно ниво е регистриран во категориите Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 3,0%, Храна и безалкохолни пијалаци од 0,9% и Разновидни стоки и услуги од 0,8%. Цените во категориите Здравствена заштита и Ресторани и хотели за зголемија за по 0,2%.

**Графикон 1.8:** Структура на инфлацијата според COICOP
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Намалување на цените на месечно ниво е забележано во категориите: Транспорт од 3,4%, Мебел, покуќнина, и одржување на покуќнина од 0,9%, Облека и обувки од 0,3% и Комуникации од 0,2%. Цените во останатите категории останаа непроменети.

Цените на мало во март 2020 година во однос на истиот месец претходната година се зголемија за 0,3%, а на месечна основа регистрираа пад од 0,2%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во март 2020 година споредено со февруари 2020 година бележи пад од 40,0% и изнесува 33,0 долари за барел. Во однос на март 2019 година, цената на нафтата се намали за 50,3%. Цената на природниот гас во март на месечна основа опадна за 5,5%.

**Графикон 1.9:** Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Што се однесува до металните производи, никелот како значаен извозен производ во март 2020 година се тргуваше со просечна цена од 11.846 долари за еден метрички тон ($/мт) и бележи месечен пад на цената од 6,8%. На годишна основа, цената на никелот е намалена за 9,1%. Покрај никелот, намалување на цената во март во однос на претходниот месец забележаа и останатите основни метали. Така, цената на цинкот се намали за 9,9%, на бакарот за 8,9%, на оловото за

7,4%, на калајот за 7,2% и на алуминиумот за 4,6%. Во март 2020 година, железната руда бележи раст на цената од 1,5% на месечно ниво.

**Графикон 1.10:** Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

Благородните метали во март исто така бележат пад на цените споредено со февруари 2020 година. Така, цената на платината опадна за 21,0%, на среброто за 16,8% и на златото за 0,3%.

Цените на пченката и пченицата на светските берзи во март 2020 година бележат месечно намалување од 3,7% и 2,9%, соодветно.

# *2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА*

Вкупната надворешнотрговска размена во првите три месеци од 2020 година изнесува 3.326,1 милион евра и бележи пад од 5,6% во однос на истиот период минатата година. Падот на надворешнотрговската размена се должи на пандемијата предизвикана од коронавирусот, која на почетокот од годината започна во Кина и се пренесе во голем број земји во Европа и светот.

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во периодот јануари - март 2020 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27[1]), како најголем трговски партнер, е намалено за 2,0 п.п. споредено со истиот период претходната година, и изнесува 61,6%.

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари - март 2020 година изнесува 1.407,7 милиони евра и бележи пад од 8,2% (126,3 милиони евра) во однос на истиот период од 2019 година, а физичкиот обем на извозот бележи пад од 13,6%.

[1] Започнувајќи од февруари 2020 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји

Вредноста на извезените стоки во март 2020 година изнесува 430,8 милиони евра и бележи пад од 26,8% (158,1 милион евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот се намали за 33,7%.

**Графикон 2.2:** Структура на извозот по СМТК




Извор: ДЗС.

Анализирано на месечно ниво, во март 2020 година извозот бележи пад од 17,1% (89,1 милион евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен пад од 21,9%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (4,7п.п.) врз извозот во овој месец.

Главни групи производи (според СМТК[2]) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - март 2020 година се: хемиски материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 44,6% од вкупниот извоз на државата.

**Графикон 2.3:** Структура на извозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

**Графикон 2.4:** Структура на увозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари - март 2020 година споредено со истиот период од 2019 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕФТА, Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати и Заедница на независни држави, додека пад има кај групациите: ЕУ 27, Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија и Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион. Извозот во ЕУ 27 бележи пад од 9,9% на

[2] Стандардна Меѓународна Трговска Класификација

годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан истиот бележи пад од 5,4%, при што извозот на стоки во ЕУ 27 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Северна Македонија учествува со 80,1% и 10,1%, соодветно.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари - март 2020 година изнесува 1.918,4 милиони евра и бележи пад од 3,6% (72,0 милиона евра) во однос на истиот период од 2019 година, а физичкиот обем на увозот бележи раст од 1,2%.

Вредноста на увозот во март 2020 година изнесува 607,3 милиони евра, што претставува пад од 18,0% (133,4 милиони евра) во однос на истиот месец 2019 година, а увезените количини стоки се намалени за 17,5%.

Анализирано на месечно ниво, во март 2020 година увозот бележи пад од 15,6% (112,5 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен пад од 22,3%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор од (6,7п.п.) врз увозот во овој месец.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-III-2019 | I-III-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 10,0 | 13,2 | 3,2 | 32,4 |
| Мил. ЕУР | 330,7 | 278,7 | -52,1 | -15,7 |
| Мил. $ | 375,5 | 307,6 | -67,8 | -18,1 |
| *) Претходни податоци | | | | |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-III-2019 | I-III-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 8,6 | 8,0 | -0,7 | -7,6 |
| Мил. ЕУР | 54,3 | 51,0 | -3,3 | -6,1 |
| Мил. $ | 61,6 | 56,3 | -5,4 | -8,7 |

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-III-2019 | I-III-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 203,5 | 190,4 | -13,1 | -6,5 |
| Мил. ЕУР | 145,8 | 141,8 | -4,0 | -2,8 |
| Мил. $ | 165,4 | 156,4 | -9,0 | -5,4 |
| *) Претходни податоци | | | | |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-III-2019 | I-III-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 246,0 | 187,2 | -58,8 | -23,9 |
| Мил. ЕУР | 125,0 | 86,6 | -38,4 | -30,7 |
| Мил. $ | 141,8 | 95,5 | -46,2 | -32,6 |

| Извоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-III-2019 | I-III-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 19,7 | 15,4 | -4,3 | -21,8 |
| Мил. ЕУР | 241,4 | 218,7 | -22,7 | -9,4 |
| Мил. $ | 273,9 | 241,4 | -32,5 | -11,9 |
| *) Претходни податоци | | | | |

| Увоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-III-2019 | I-III-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 15,2 | 15,6 | 0,4 | 2,3 |
| Мил. ЕУР | 178,1 | 181,8 | 3,7 | 2,1 |
| Мил. $ | 202,2 | 200,4 | -1,7 | -0,9 |

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - март 2020 година, трговскиот дефицит се зголеми за 11,9% односно 54,3 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Во март 2020 година, трговскиот дефицит се зголеми за 16,3% односно 24,7 милиони евра споредено со март 2019 година.

**Графикон 2.5:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од зголемувањето на негативното салдо во размената со храна и пијалаци, како и намалувањето на позитивното салдо во размената со стоки за инвестиции без транспортна опрема, стоки за широка потрошувачка и транспортна опрема. Од друга страна, кон намалување на негативното салдо дејствуваше намалувањето на дефицитот во размената со горива и мазива и индустриски набавки.

Во периодот јануари - март 2020 година, 90,1% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Кина, Србија и Грција, а потоа следуваат: Турција, САД, Јужна Африка, Италија, Полска и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Холандија и Белгија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 86,7% од трговската размена во периодот јануари-март 2020 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2019 година претставува зголемување за 1,0 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 92,2% и 82,6%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е намалена за 0,8 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е зголемена за 2,6 п.п. во однос на периодот јануари - март 2019 година.

Табела 2.2 Надворешно трговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - III - 2019 | | | | | I - III - 2020 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 1.061,5 | 1.593.226.878 | 61,5252 | 98.023.602.312 | 80,0 | 1.053,9 | 1.585.165.363 | 61,6131 | 97.666.952.014 | 82,6 | -8.061.515 | -0,5 |
| УСД | 543,4 | 429.145.157 | 54,1702 | 23.246.878.998 | 19,0 | 571,3 | 346.719.195 | 55,8875 | 19.377.269.019 | 16,4 | -82.425.962 | -19,2 |
| ГБП | 1,1 | 5.498.481 | 70,4783 | 387.523.560 | 0,3 | 1,1 | 5.072.103 | 71,6280 | 363.304.592 | 0,3 | -426.378 | -7,8 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 1.606,0 | | | 121.658.004.870 | 99,0 | 1.626,3 | | | 117.407.525.625 | 99,3 | | |
| вк извоз: | 1.610,3 | | | 122.459.410.371 | 100,0 | 1.629,5 | | | 118.198.486.317 | 100,0 | | -3,5 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - март 2020 година изнесуваа 46.485 милиони денари, односно 6,9% од БДП, што претставува поголемо остварување за 1,0% во однос на истиот период од 2019 година.

Даночните приходи се реализирани во износ од 26.137 милиони денари и во однос на истиот период од 2019 година се намалени за 0,5%.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 11.751 милион денари, што претставува намалување од 3,1% во однос на првото тримесечје од 2019 година, со доминантно учество во вкупните даночни приходи од 45,0%. Притоа, ДДВ е наплатен во бруто-износ од 18.440 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 6.689 милиони денари (бруто-наплатата е повисока за 2,5%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 13,9% споредено со јануари - март 2019 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз кој забележува поголемо остварување за 1,6%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа зголемување од 4,3%.

Акцизите се остварени во износ од 5.201 милион денари (учество од 19,9% во даночните приходи), што претставува зголемување од 1,4% во споредба со првото тримесечје од 2019 година. Така, од овие два индиректни данока вкупно се остварени приходи од 16.952 милиона денари, што претставува 64,9% од вкупните даночни приходи во првото тримесечје од 2020 година.

**Графикон 3.1:** Приходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Приходите од данокот на личен доход се остварени во износ од 4.394 милиони денари и бележат раст од 8,4% на годишна основа, при што 67,0% од приходите се од плата и други лични примања, 6,9% од приходи од капитал, 6,8% од приходи од игри на среќа и наградни игри, 6,7% од приходи по основ на договор на дело, 4,1% од приходи од имот и имотни права и 8,5% од други видови данок на доход.

Приходите од данокот на добивка во овој период изнесуваа 2.946 милиони денари и забележаа помало остварување за 14,1% во однос на истиот период претходната година, при што намалување од 68,5% се забележува кај даночните биланси, додека

данокот на добивка по основ на дивиденди и др. распределба е зголемен повеќе од 8 пати.

Приходите од царина се остварени во износ од 1.694 милиони денари и забележаа зголемување од 20,3%. Приходите од други даноци со остварен износ од 151 милион денари забележаа зголемено остварување за 18,0% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 15.773 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 12,2% споредено со истиот период од 2019 година, при што наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување е повисока за 12,8%, кај придонесите за здравствено осигурување за 11,1% и кај придонесите за вработување за 10,3%.

Неданочните приходи се остварени во износ од 3.329 милиони денари и во однос на анализираниот период од 2019 година забележаа пониско остварување за 22,4% (во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се остварија во износ од 378 милиони денари, што е речиси двојно зголемување во однос на првото тримесечје минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 604 милиони денари и се намалени за 32,0% во однос на истиот период лани.

## Приходи по буџетски корисници

Буџетските приходи, односно приливот на средства во Централниот буџет, се остваруваат главно преку Министерството за финансии – функции на државата[3] и во периодот јануари - март 2020 година изнесуваат 40.367 милиони денари, односно 92,6% од приходите на сите буџетски корисници, а претставуваат 20,8% од годишниот план на овој буџетски корисник.

Во рамки на разделот Министерството за финансии – функции на државата преовладуваат даночните приходи кои претставуваат 64,0% од вкупните приходи и приливи, при што нивната наплата во првите три месеци од 2020 година изнесува 20,4% од годишниот план. Приливот на средства по основ на домашно

[3] Во рамките на разделот *функции на држава* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално кофинансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Северна Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

задолжување за овој период изнесува 12.478 милиони денари, што претставува 30,9% од вкупниот износ на овој буџетски корисник.

Министерството за образование и наука оствари приходи во износ од 895 милиони денари, односно 2,1% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници и најголемиот дел од тој износ (79,5%) претставуваат неданочни приходи, главно по основ на такси и надоместоци.

Министерството за финансии, како буџетски корисник, оствари приходи во износ од 403 милиони денари, што претставува 0,9% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници. Приливот на средства по основ на задолжување во странство изнесува 244 милиони денари и претставува 60,5% од вкупните приходи на овој буџетски корисник.

**Графикон 3.2:** Структура на приходите на Министерството за финансии – функции на државата *(јануари - март 2020 година)*




Извор: МФ.

Останатите буџетски корисници збирно имаат остварено 4,4% од вкупните приходи и приливи. Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк *(http://finance.gov.mk/mk/node/693)*.

Во однос на буџетските фондови, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија во периодот јануари - март 2020 година оствари приходи во износ од 18.474 милиони денари, што претставува 23,9% од годишниот план на Фондот. Фондот за здравствено осигурување на Северна Македонија во овој период има остварено приходи во износ од 8.191 милион денари, односно 23,9% од годишниот план на Фондот. Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија оствари приходи во висина од 674 милиони денари, што претставува 20,2% од годишниот план.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – март 2020 година изнесуваа 53.894 милиони денари, односно 8,0% од БДП, што е за 9,4% повеќе во однос на првото тримесечје од 2019 година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 51.885 милиони денари учествуваа со 96,3% и се зголемени за 8,9% во однос на истиот период од 2019 година.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 7.379 милиони денари што претставува зголемување за 9,3% во однос на првото тримесечје претходната

година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 13,7%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 3.437 милиони денари и споредено со истиот период од 2019 година забележаа намалување од 0,9%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 39.159 милиони денари. Средствата за трансфери забележаа поголема реализација за 10,4% споредено со првото тримесечје од 2019 година и истите учествуваа со 72,7% во вкупните расходи.

**Графикон 3.3:** Расходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Средствата за социјални трансфери изнесуваа 27.720 милиони денари, забележаа зголемување од 6,8% и учествуваа со 51,4% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 16.944 милиони денари, што е зголемување за 5,6% споредено со истиот период од 2019 година и учествуваат со 31,4% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 20,1%, односно се зголемија за 18,5% и се реализирани во износ од 10.832 милиона денари. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 4.697 милиони денари забележаа зголемување од 13,5% во споредба со првото тримесечје претходната година. Субвенциите и трансферите изнесуваа 5.548 милиони денари што е за 25,2% повеќе споредено со истиот период минатата година.

Каматните расходи изнесуваат 1.910 милиони денари, што е за 1,5% помалку во споредба со истиот период од 2019 година. Расходите за камати од домашно задолжување се намалени за 1,1%, додека каматите од странско задолжување се намалени за 1,8%. Во анализираниот период, средствата за капитални расходи се реализирани во износ од 2.009 милиони денари со структурно учество од 3,7% во вкупните расходи, при што забележаа повисока реализација за 24,4% во споредба со првото тримесечје од 2019 година.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува 85,8% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Во периодот јануари - март 2020 година, преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[4] реализирани се 14.257 милиони денари, што претставува 24,4% од годишниот буџет. Најголем дел од расходите или 79,1% отпаѓаат на отплата на главнина, за што се потрошени 11.282 милиона денари, односно 26,2% од средствата планирани за оваа намена во 2020 година. По основ на каматни плаќања отпаѓаат 13,3% од вкупните расходи, за што се реализирани 1.898 милиони денари или 23,0% од планираното.

**Графикон 3.4:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели *(јануари - март 2020 година)*




Извор: МФ.

Министерството за труд и социјална политика во првите три месеци од 2020 година реализираше 11.719 милиони денари или 23,9% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (69,6%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 8.157 милиони денари или 24,1% од средствата наменети за 2020 година. Втора најзначајна расходна ставка се социјалните бенефиции, кои учествуваат со 21,7% во вкупните расходи. За оваа намена реализирани се 24,1% (2.538 милиони денари) од планираните за 2020 година.

Министерството за образование и наука во периодот јануари - март 2020 година изврши буџетски средства во износ од 5.903 милиони денари, што е 22,6% од вкупниот буџет за 2020 година. Најголем дел од расходите (67,5%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 3.984 милиони денари или 24,7% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци се втора најзначајна ставка со учество од 15,5%, за што се потрошени 914 милиони денари, односно 23,3% од вкупно предвидените средства за тековната година.

[4] Во рамките на разделот *функции на држава* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално кофинансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Северна Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

Во анализираниот период, од страна на Министерството за внатрешни работи реализирани се вкупно 2.619 милиони денари, што претставува 22,8% од сопствениот буџет за 2020 година. Најзначајна расходна ставка претставуваат плати и надоместоци со учество од 76,2%, за што се потрошени 1.996 милиони денари или 24,7% од планираното. Втора најзначајна ставка се стоки и услуги со учество од 14,6%, за што се реализирани 382 милиона денари или 18,3% од годишниот план.

Министерството за одбрана во првите три месеци од 2020 година изврши буџетски средства во износ од 1.650 милиони денари, што е 19,0% од вкупниот буџет за 2020 година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество со 61,1%, за што се реализирани 1.009 милиони денари, што претставува 24,5% од вкупно предвидените средства за тековната година. Стоките и услугите учествуваат со 21,5% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 356 милиони денари, односно 14,9% од вкупно предвидените.

Министерството за здравство во периодот јануари - март 2020 година реализираше буџетски средства во износ од 1.616 милиони денари, што е 22,7% од вкупниот буџет за 2020 година. Тековните трансфери до вонбуџетските фондови имаат најголемо учество во расходите со 47,0%, за што се потрошени 760 милиони денари или 24,9% од средствата наменети за тековната година.

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализираше средства во износ од 3.839 милиони денари, што претставува 51,8% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, кои учествуваат со 91,1% во вкупните расходи, реализирани се 54,9% од планираните средства или 3.498 милиони денари.

Владата на Република Северна Македонија реализираше 535 милиони денари, односно 5,6% од планираните средства за 2020 година. Притоа, субвенциите и трансферите беа реализирани во износ од 372 милиона денари (4,4%) и учествуваа со 69,6% во вкупните расходи.

Министерството за транспорт и врски во периодот јануари - март реализираше средства во износ од 563 милиони денари, што е 10,2% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи изнесува 8,5% од предвиденото (394 милиони денари), а учествуваат со 70,0% во вкупните расходи на овој буџетски корисник. Субвенциите и трансферите во вкупниот буџет на овој корисник имаат учество од 22,7% и за оваа намена извршени се средства во износ од 128 милиони денари, односно 21,7% од планираното.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк *(http://finance.gov.mk/mk/node/693)*.

## Буџетско салдо

Во периодот јануари – март 2020 година е остварен дефицит во Буџетот на Република Северна Македонија од 7.409 милиони денари, што претставува 1,1% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 7.266 милиони денари односно претставува 1,08% од БДП.

# *4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

## Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување

Во периодот јануари - март 2020 година, во Агенцијата за вработување регистрирани се вкупно 49.705 нови засновани работни односи. Вкупниот број нововработени е повисок за 1,3% во однос на март 2019 година.

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Од вкупниот број нововработени 44,3% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во март 2020 година, 14,1% се од евиденцијата на невработени.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Вкупниот број невработени лица во март 2020 година изнесува 193.499, од кои 107.732 се активни баратели на работа, а 85.767 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е намален за 0,5%.

Најголем дел од активните невработени лица (63,1%) се градско население, а според половата структура 51,4% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 64,8% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 24,9% се со завршено средно образование, додека 10,3% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

По возрасни групи, најголемиот дел или 47,9% од невработените припаѓаат на возрасната група 25 - 49 години. Според времето на чекање на вработување, 55,5% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 6,0% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во февруари 2020 година оствари годишен раст од 12,5%, а во однос на претходниот месец е пониска за 1,2%. Најголем раст на просечната нето-плата се забележува во следните сектори: Стручни, научни и технички дејности (20,1%), Уметност, забава и рекреација (19,3%) и Преработувачка индустрија (17,7%). Реалните плати во февруари забележаа годишен раст од 11,6%.

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Просечната номинална бруто-плата во февруари 2020 година оствари годишен раст од 13,1%, а во однос на претходниот месец е пониска за 1,2%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Уметност, забава и рекреација (19,5%), Стручни, научни и технички дејности (18,8%) и Преработувачка индустрија (18,7%) Реалната бруто-плата забележа годишен раст од 12,2%.

## Пензии

Во март 2020 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 323.687 пензионери, што претставува зголемување од 2,0% во однос на истиот месец минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е повисок за 1.538 лица. Од вкупниот број пензионери, 66,3% се корисници на старосна пензија, 23,3% се корисници на семејна пензија и 10,5% се корисници на инвалидска пензија.

Просечната пензија во март 2020 година изнесува 15.318 денари и е за 5,2% повисока во однос на истиот месец минатата година[5]. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во февруари 2020 година (последни расположливи податоци) изнесува 56,1%.

**Графикон 4.5:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ.

Просечната старосна пензија во март изнесува 16.582 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 13.890 денари, а просечната семејна пензија 12.362 денари. За исплата на пензиите во март 2020 година се потрошени 4.967 милиони денари, што претставува 50,7% од вкупните социјални трансфери.

# *5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР*

Во март 2020 година, Народната банка ја задржа основната каматна стапка на 2,0%, откако во јануари ја намали за 0,25 п.п., односно од 2,25% на 2,0%. Одлуката за намалување на каматната стапка на почетокот на годината се темели на постојаните поволни движења на девизниот пазар, што доведе до поголем раст на девизните резерви од очекуваниот, што пак упатува на отсуство на притисоци во надворешниот сектор и стабилни согледувања на домашните субјекти. Истовремено, тековните движења укажуваат на умерен раст на домашните цени, а со тоа и отсуство на ценовни притисоци.

Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,3%.

## Примарни пари

Во март 2020 година, примарните пари[6] регистрираа раст од 3,8%,

**Графикон 5.1:** Валутна структура на депозити и кредити
( март 2020 година)




Извор: НБРСМ.

[5] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

[6] Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

споредено со март 2019 година. Ваквиот раст на примарните пари се должи на зголемувањето на вкупните ликвидни средства на банките за 67,4% и растот на готовите пари во оптек за 17,0%. На месечно ниво, примарните пари регистрираа раст од 24,0%, што е резултат на растот на вкупните ликвидни средства на банките за 45,4%, а готовите пари во оптек регистрираа раст од 7,5%.

## Депозитен потенцијал[7]

Вкупните депозити на банките во март 2020 година регистрираа раст од 0,4% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија се зголемија за 2,5%, а депозитите на домаќинствата регистрираа зголемување од 0,1%.

Од аспект на валутата, во март 2020 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута се зголемија за 0,1%, додека депозитите во странска валута регистрираа раст од 0,9%.

Вкупниот депозитен потенцијал во март 2020 година оствари раст од 8,3% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута се зголемија за 10,3% и 5,4%, соодветно.

Од аспект на секторот, на годишно ниво овој месец депозитите на претпријатијата и депозитите на домаќинствата бележат раст од 13,5% и 8,6%, соодветно.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 3,2%, а долгорочните депозити регистрираа раст од 2,8%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 60,4%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор;

| **Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (март 2020 година)** | **Во милиони денари** | **Месечна промена** | **Годишна промена** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | **409.200** | **0,4%** | **8,3%** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *247.329* | *0,1%* | *10,3%* |
| *Странска валута* | *161.871* | *0,9%* | *5,4%* |

7 НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *108.940* | *0,8%* | *3,2%* |
| *Долгорочни* | *171.646* | *-0,3%* | *2,8%* |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **343.702** | **0,1%** | **5,8%** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *201.080* | *0,1%* | *4,2%* |
| *Странска валута* | *142.622* | *0,0%* | *8,1%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *59.780* | *-0,5%* | *-3,0%,* |
| *Долгорочни* | *264.768* | *0,1%* | *8,8%* |
| *Сомнителни и спорни побарувања* | *16.604* | *0,5%* | *0,1%* |

Извор: НБРСМ

## Кредити на банките

Во март 2020 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор регистрираа раст од 0,1% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека кредитите кон претпријатијата останаа непроменети, додека кредитите кон домаќинствата регистрираа раст од 0,1%. Од аспект на валутата, во март 2020 година, на месечно ниво денарските кредити се зголемија за 0,1%, а девизните кредити овој месец останаа непроменети.

**Графикон 5.2:** Депозити и кредити
*(стапки на раст во %)*




Извор: НБРСМ.

На годишна основа, во март 2020 година вкупните кредити се зголемија за 5,8%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата од 10,1% и раст на кредитите кон претпријатијата од 1,8%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 4,2%, а кредитите во странска валута за 8,1%.

**Графикон 5.3:** Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 8,8%, а краткорочните кредити се намалија за 3,0%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во март 2020 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,02 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 4,89%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,03 п.п. и изнесува 5,31%, додека каматната стапка на девизните кредити се намали за 0,02 п.п. и изнесува 4,39%.

Вкупната каматна стапка на депозитите во март 2020 година изнесува 1,11% и е намалена за 0,08 п.п. во однос на минатиот месец. Каматната стапка на денарските депозити се намали за 0,07 п.п. и изнесува 1,54%, а каматната стапка на девизните депозити на месечно ниво се намали за 0,07 п.п. и изнесува 0,63%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во март 2020 година беше регистрирано зголемено тргување па така вкупниот промет на берзата регистрираше раст за 3,5 пати (250,3%) на месечно ниво како резултат на растот на прометот од класичното тргување за 134,8% и раст на прометот од блок трансакциите кој се зголеми за 18,4 пати (1741,5%).

Вкупниот промет на берзата во март 2020 година изнесуваше 2.785,8 милиони денари и истиот е зголемен за 2,8 пати (179,8%) на годишно ниво. Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на март 2020 година изнесуваше 3.623,2 индексни поена, при што на месечно ниво индексот е намален за 22,5%, а во однос на истиот месец претходната година е намален за 1,1%.

**Графикон 5.4:** Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

## Девизни резерви

Бруто-девизните резерви на крајот на март 2020 година изнесуваа 3.017,32 милиона евра и во однос на претходниот месец се намалија за 2,2%, а во однос на март 2019 година регистрираа раст од 5,3%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0